РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-499/1
27-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 27-та седница одржана на ден 23.01.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена со број 12-1383/1 од 22.04.2025 година, во која се изнесени наводи против лицето ------------------------, директор на ------------------------------------------- на РСМ поради сомневање за неправилности во работењето, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во овој предмет, поради тоа што за дел од пријавените наводи е променета фактичката состојба, а останатите наводи се однесуваат на прашања кои не се во надлежност на постапување на ДКСК.

Предметот со број 12-1383/1 од 22.04.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

ДКСК оформи предмет по анонимна пријава со број 12-1383/1 од 22.04.2025 година, во која се изнесени наводи против лицето ------------------------, директор на ------------------------------------------на РСМ, поради сомневање за неправилности во работењето. Во конкретниот случај станува збор за сомневање дека од страна на пријавеното лице намерно не е испочитувана законската обврска за преминување на ---------------------------- под надлежност на Министерството за ----------------, кое што требало да се случи согласно последните законски измени. Исто така, се наведува и дека институцијата, под раководство на наведеното лице, се соочувала со сериозен финансиски проблем што резултирало со неисплатени плати на вработените; потоа биле игнорирани обврските и демонстрација на лична самоволност од страна на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

лицето во својство на директор, како и саботирање на процесот на институционалната фузија на ----------------------------------------------, со --------------------------------------- на РСМ. Од ДКСК се бара да изврши целосна проверка на функционирањето на Инспекторатот, особено по однос на пријавените наводи.

ДКСК изврши проверки на законските одредби кои се однесуваат на предметниот случај, при што е констатирано дека:
Законот за инспекторат за употреба на јазиците е донесен на 21.10.2019 година и истиот е објавен во „Службен весник на РСМ" бр.220 од 25.10.2019 година.
На седницата на Собранието на РСМ, одржана на 24.06.2025 година, донесен е Закон за изменување на Законот за инспекторат за употреба на јазиците, објавен во „Службен Весник на РСМ" бр.132/2025 од 01.07.2025 година.
Член 1 од истиот закон гласи:
*„Во Законот за Инспекторат за употреба на јазиците („Службен Весник на РСМ" број 220/19 и 42/20), во член 3 ставот (2) се брише".*
Член 5 став (1) од истиот закон гласи:
*„Вработените, опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Инспекторатот за употреба на јазиците, се преземаат од Министерството за правда".*
Член 3 став (2) на Законот за Инспекторат за употреба на јазиците *(„Службен Весник на РСМ" број 220/19 и 42/20)* гласи: *„Инспекторатот има својство на правно лице".*

Од наведеното, ДКСК констатира дека со Законот за изменување на Законот за инспекторат за употреба на јазиците („Службен Весник на РСМ" со бр.132/2025) е избришано својството на „правно лице" на Инспекторатот за употреба на јазиците и со новите измени преминал како орган во состав на Министерството за правда.

При разгледување на предметната пријава и по извршените проверки на законската регулатива, ДКСК го констатира следното:

- по однос на наводите дека не е испочитувана законската обврска за преминување на Инспекторатот под надлежност на Министерството за правда, променета е фактичката состојба и со новите законски измени за инспекторат за употреба на јазиците, донесени на 01.07.2025 година, Инспекторатот за употреба на јазиците преминал како орган во состав на Министерството за правда, а вработените, опремата, документацијата, побарувањата и намирувањето на обврските, како и другите средства од Инспекторатот за употреба на јазиците, се преземаат од Министерството за правда;

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

-по однос на наводите за неисплатени плати на вработените, констатирано е дека станува збор за повреда на права од работен однос, за кои заштита работникот може да остварува пред работодавачот, пред суд, преку синдикатот, инспекциските органи, прекршочните органи, односно прекршочна комисија и други органи, кога со посебен закон во рамките на нивната надлежност е предвидено заштита на правата на работникот;
-во врска со наводите за игнорирање на обврските и демонстрација на лична самоволност од страна на лицето во својство на директор и саботирање на процесот на институционалната фузија на Инспекторатот, констатирано е дека станува збор за прашања кои не се во надлежност на постапување на ДКСК.

Имајќи го предвид сето погоре констатирано, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.Ј., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК